# ŠOLA IN DRUŽBA ZNANJA

Uredila

Anna Kožuh
Darjo Felda

Univerza na Primorskem
Pedagoška fakulteta Koper

KOPER
2011

ŠOLA IN DRUŽBA ZNANJA

Uredila: Anna Kožuh, Darjo Felda

Recenzenta: Boris Kožuh, Joanna Aksman

Oblikovanje, naslovnica in prelom: Ewa Anielska

Založnik: Univerza na Primorskem, Pedagoška fakulteta Koper

Za založnika: Mara Cotič

Tisk: Mellow, Poljska

Publikacija je brezplačna

Naklada: 90 izvodov

Publikacija je nastala kot plod večletnega znanstvenega sodelovanja med tremi akademskimi središči: Horlivka State Pedagogical Institute for Foreign Languages iz mesta Gorlivka v Ukrajini, A. F. M. Krakow University iz mesta Krakow na Poljskem in Pedagoško fakulteto Koper Univerze na Primorskem.

CIP - Kataložni zapis o publikaciji
Narodna in univerzitetna knjižnica, Ljubljana

37.01(082)

ŠOLA in družba znanja / uredila Anna Kožuh, Darjo Felda. - Koper : Pedagoška fakulteta, 2011

ISBN 978-961-6528-95-5
1. Kožuh, Anna
255992320

# VSEBINA

**Ana Kožuh**
Predgovor ........ 7

**Олена Бочарова**
Форми і методи роботи з обдарованими учнями на уроках
та позакласних заняттях у польскій школі ........ 9

**Володимир Червонецький**
Аналітичне тлумачення мети екологічної освіти в
країнах євроатлантичного регіону ........ 19

**Anna Kožuh**
Kreatywność jako podstawowa cecha wspóczesnego nauczyciela ........ 27

**Тетяна Харченко**
Учитель-дебютант у Франції: особливості організації педагогічного
супроводу входження в професію наприкінці XX століття ........ 47

**Зорница Ганева**
Сравнителен анализ на националната идентичност на студенти
от България, Чехия и Австрия ........ 55

**Ольга Баранова**
Вербальные и невербальные компоненты в структуре учебной
коммуникации ........ 73

**Grażyna Miłkowska**
Znajomość metod wychowania wśród nauczycieli szkół gimnazjalnych . 81

**Віра Караваєва**
До проблеми формуванні екологічної компетенції школярів:
застосування інтерактивних методів і форм ........ 93

**Галина Марченко**
Підготовка майбутніх учителів до педагогічних практик ........ 101

**Elena Kupcová i Ľuboslava Sejčová**
Detská kresba a jej využitie vo výchovnom poradenstve ........ 113

**Jelena Maksimović**
O nekim aspektima istraživanja školskog neuspeha učenika ..................... 125

**Костянтин Шевердін, Євген Шевердін**
Виховання духовно-культурних цінностей сучасної людини засобами комунікативного потенціалу дизайн-продукту ..................... 139

**Валерия Степчук**
Организация неформального экологического образования в Дании (интерпретация природы) ..................... 153

**Anči Leburić, Marija Lončar i Maja Dadić**
Nove paradigme obrazovanja u budućim društvima znanja ..................... 163

**Оксана Витер**
Реформирование системы образования Испании (XX в. – начало XXI в.) ..................... 171

**Лілія Дзюба**
Впровадження сучасні освітніх технологій як засіб підвищення ефективності функціонування вищого навчального закладу ..................... 177

**Nataša Galevska**
Применети педагошки истражувања за унапредување на училишната практика ..................... 187

**Jaroslav Veteška**
Klíčové kompetence v kontextu sociálních a hospodářských změn ..................... 193

**Галина Санжарова**
Основные компоненты модели педагогических стимулов формирования творческой самостоятельной деятельности студентов-филологов ..................... 207

**Дмитро Алфімов**
Теоретичне обгрунтування принципів виховання лідерських якостей особистості ..................... 215

**Володимир Червонецький**
Коеволюційні ідеї в екологічній освіті країн євроатлантичного регіону ..................... 223

**IMENSKO IN STVARNO KAZALO** ..................... 233

Наташа Ангелоска Галевска
University of Skopje
MACEDONIA

# ПРИМЕНЕТИ ПЕДАГОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПРАКТИКА

## *Вовед*

Во научно-истражувачката работа во педагогијата се користат различни видови истражувања, а определбата за некои од нив зависи од целта на истражувањето, од природата на предметот што треба да се проучува, методолошките можности, опитноста на истражувачот, средствата со кои се располага и низа други фактори. Педагошките истражувања се користат за систематско проучување на предмети и појави со цел да се продуцираат нови сознанија што ќе овозможат унапредување и развој на воспитанието и образованието. Истражувачките активности може да имаат најразличен карактер и да се состојат во проучување на книги и материјали, разговори со испитаници, тестирање на знаења и способности со современи техники, итн.

Во овој текст се појаснуваат методолошките специфики на одделни видови применети педагошки истражувања и нивната улога во унапредување на воспитно-образовната практика. При тоа не се опфатени сите видови применети истражувања, туку дел од нив што најчесто се сретнуваат во теоријата и истражувачката практика.

## *Применетите vs базичните истражувања*

Една од основните поделби на научните истражувања е поделбата на базични (фундаментални) и применети истражувања. Базичните истражувања (анг. *basic research*) имаат за цел да го збогатат научното знаење за законитостите и односите меѓу појавите и да ја унапредат педагошката теорија. Тие ги проучуваат основните, суштинските, најчесто теориски

прашања на една наука, како на пример, нејзиниот предмет и задачи, класификацијата на оделните научни дисциплини, законите и принципите, потоа разни методолошки, епистемолошки, терминолошки и други прашања. Во овие истражувања доминира методот на теоретска анализа, како и историскиот и компаративниот метод. Базирани се главно на дедуктивно или дедуктивно-индуктивно заклучување. За разлика од нив *применетите* истражувања се насочени кон решавање на практични проблеми. За овие истражувања е карактеристичен индуктивниот пристап. Во литературата се сретнуваат и под називот оперативни истражувања[1] (анг. *applied research*). Со нив се испитуваат и проверуваат решенија и резултати на некој специфичен проблем, на пример, влијанието на нова законска регулатива, ефектите од некоја едукативна програма, придонесот на новите наставни технологии врз образовните постигнувања на учениците, мотивацијата, интеракцијата и комуникацијата меѓу субјектите во наставата, причините за отсуство од училиште, итн. Значењето на овие истражувања е во тоа што овозможуваат развој на нови методи, средства, стратегии и организација на воспитанието и образованието на сите степени.

Често дистинкцијата на истражувањата на базични и применети се прави врз основа на применливоста на нивните резултати. Авторот Салкинд вели: "Најсуштинска разлика меѓу двата вида истражувања е во тоа што базичните истражувања, за разлика од применетите, немаат непосредна примена во моментот кога се реализираат" (*The most basic distinction between two types of research is that basic research is research that has no immediate application at the time it is completed, whereas applied research does)* (Salkind, 2006, стр. 15) Дури и во случаи кога ефектите од базичните истражувања можат да станат видливи, за тоа е потребно многу повеќе време. [2]

Во групата на применети истражувања спаѓаат евалуациските, развојните и акционите истражувања. Во продолжение ќе се обидеме да ги појасниме методолошките карактеристики на овие истражувања, да ја откриеме нивната меѓусебна условеност и да укажеме на можностите на нивна примена во педагошката практика.

## *Евалуациски истражувања*

Евалуациските истражувања се развиле во 60-тите години во САД со експанзијата на различни програми за социјална помош.

Денес се многу популарни и се помасовна е нивната примена за проучување на разни педагошки проблеми. Ќе наведеме некои можни подрачја на примена на евалуациските истражувања:

- проценување на ефектите на воспитно-образовната работа на училиштето,
- вреднување на наставата и другите училишни и вонучилишни активности,
- вреднување на нивото и квалитетот на знаење на учениците,
- мерење на позитивните и негативните ефекти на некоја иновација, наставни стратегии, примена на нови технологии, наставни средства и др.
- вреднување на наставни програми, учебници, прирачници, итн

Евалуациските истражувања се често интер-дисциплинарни. За појаснување на нивниот карактер може да се послужиме со дефиницијата на Керол Вајс од Харвардскиот Универзитет. Таа вели: "Евалуацијата е систематско оценување на делувањето и/или резултатите на една програма или политика, согласно поставени експлицитни и имплицитни стандарди, како средства што треба да придонесат за унапредување на таа програма или политика (*Evaluation is the systematic assesment of the operation and/or the outcomes of a program or policy, compared to a set of explicit or implicit standrads,as a means of contributing to the improvement of the program or policy*;)" (Weiss, 1998, стр. 4-5).

Во оваа дефиниција може да забележиме неколку клучни елементи значајни за природата на евалуациските истражувања, прво, акцентирање на истражувачката процедура во која систематски се следи и оценува појавата; второ, фокусирање на набљудувањето на начинот на кој дејствува некоја програма, политика, стратегија; трето, мерење на резултатите, учинокот на таа програма. Четвртиот битен елемент се стандардите или критериумите врз основа на кои се врши мерењето и петто е целта, намената на евалуациските истражувања, а тоа е придонесот кон поуспешното спроведување на некоја програма или политика. Бидејќи евалуациските истражувања често се користат за вреднување на одредена образовна програма или интервенција, тие се нарекуваат и програмско-евалуациски.

Евалуациските истражувања имаат многу подиректна и поконкретна намена во однос на базичните, тие треба да не́ доведат до информации врз основа на кои понатаму ќе биде

донесена некоја одлука. Често овие истражувања се нарачани за потребите на некоја државна институција, Министерство, училиште или невладина организација, фондација, итн. Врз основа на добиените резултати заклучуваме во која насока треба да се модифицира некоја програма и како таа ќе делува во различни средини применета од други субјекти. Интересно е што голем дел од материјалот кај евалуациските истражувања може да остане необјавен и непознат за јавноста. Резултатите од истражувањето во вид на извештај се предаваат на агенцијата-нарачател и таа одлучува дали и колкав дел од нив ќе публикува и ќе ги направи достапни на јавноста. Ваквите истражувања се директно поврзани со нечија политика или иницијатива. Тоа подразбира ограничување на слободата на избор на проблем на истражување и насочување на истражувањата кон проблеми кои се во фокусот на нарачателот.

## *Акциските истражувања*

Акциските истражувања (анг. *action research*) се вид на истражувања со специфична методолошка поставеност. Во нив појавите се проучуваат во природни услови, а самите партиципиенти на воспитно-образовната ситуација се ставени во улога на истражувачи. Предметот на проучување, задачите и хипотезите се менуваат во текот на истражувањето и се смета дека токму во таков процес на менување може да се осознаат општествените појави во вистинското светло. За појавата на овие истражувања се значајни повеќе истражувачи (Левин, Колиер, Кори) кои настојувале истражувачките резултати да ги стават во функција на практиката, а наставникот да се предизвика на акција, промена и рефлексија за својата наставна практика. Според тоа, наставата, педагошкото проучување, развојот на курикулумот и евалуацијата можат да се сметаат за интегрални компоненти на акциското истражување.

Самите акциски истражувања може да бидат од различен карактер. Сепак, поради нивната теренска природа, поради следењето на појавите во нивниот природен контекст и приоритетот што се дава на квалитативните истражувачки техники, тие со право може да се вбројат во истражувања со интерпретативен, дескриптивен или етнографски карактер.

Акциските истражувања се особено популарни и применливи за проучување на практични проблеми во општеството. Најмногу се занимаваат со проблемите на изработка и вреднување на програми, со ефикасноста на

различни методи и постапки, со интеракцијата во воспитните групи, професионалниот развој и др.

Акциските истражувања често може да бидат преземени од самите наставници кога тие ќе се соочат со некоја проблематична ситуација во практиката, како на пример, потешкотии во усвојувањето на некоја наставна содржина кај група ученици, одбивање на учениците да соработуваат, непожелно однесување во училницата или други педагошки проблеми. Првенствена цел на акциските истражувања е унапредување на практиката. Продуцирањето научни знаења е подредено на оваа цел и не е примарно кај овој вид истражувања, но со вклучување на повеќе истражувачи може компаративно да се следат и анализираат поголем број поединечни случаи.

Во Република Македонија сеуште е скромен бројот на применети акциски истражувања. Интересен и успешен модел на примена на акциско истражување е направено од Деан Илиев (Илиев, 2006) со учество на скоро 200 субјекти во 60 одделни микро-акциски истражувања од соработничко-колаборативниот модел во чија основа лежи истражувањето во училницата како чин на интерна евалуација на едукаторот-практичар. Микро-истражувањата беа координирани од главниот истражувач со едно мета-акциско истражување од партиципирачки модел. Со него е извршена екстерна евалуација на состојбите и односите. Тоа се и први поорганизирани обиди за омасовување на овој вид истражувања во функција на унапредување на училишната практика.

## *Развојни истражувања*

Терминот развојни истражувања (*анг*. developmental research) првенствено се користел во биологијата, а денес има многу пошироко значење. Развојните истражувања се вид на применети истражувања со кои се проучува влијанието од внесувањето на некоја новина во воспитно-образовиот процес или во другите области на општествената дејност. Влијанието на внесената новина се мери во однос на дотогашните облици, методи и средства на работа, односно се следи нивното менување и усогласување со внесената новина. Во развојните истражувања се утврдува некоја состојба или односи на варијаблите и потоа се следи како тие односи се менуваат со менување на условите, на пример како функција на времето или возраста. Развојните истражувања продуцираат нови научни идеи и овозможуваат нивна имплементација во

практиката. Примери на развојни истражувања се студиите на Пијаже за квалитативните промени во мислењето на децата или истражувањата на Колберг за моралниот развој.

## *Заклучок*

Базичните и применетите истражувања имаат различна цел и различна методолошка поставеност. Добро е да се напомене дека поделбата на базични и применети истражувања повеќе се врши заради класификација и појаснување на видот на истражувачки активности отколку за нивна поделба според важност и значење. Одделните видови педагошки истражувања имаат свои методолошките специфичности и за пошироко и сеопфатно проучување и разбирање на педагошките феномени неопходни се различни видови истражувачки стратегии. Сепак, од аспект на делување и унапредување на воспитната и образовната практика за најподатливи може да се сметаат евалуациските и акциските истражувања.

## *Референци*

Ангелоска-Галевска, Н. (2002). Педагошки истражувања - видови, карактеристики, можности. Воспитание, списание за теорија и практика, Педагошки факултет Штип, стр. 32-45.

Elliott, J. (1991). Action Research for Educational Change. Milton Keynes: Open University Press.

Илиев, Д. (2006). Акциоnі истражувања во образованието. Битола: Педагошки факултет.

Kožuh, B., Kahn, R., Kozlowska, A. Krope, P. (2006). (eds.). Description and Explanation in Educational and Social research. Los Angeles: UCLA.

Salkind, N. J. (2006). Exploring research. Prentice Hall: Pearson Education.

Vogt, P. W. (1993). Dictionary of Statistics and Methodology: a nontechnical guide for the social sciences. London: Sage Publications.

Weiss, C. H. (1998). Evaluation: Methods for Studying Programs and Policies (2nd ed.). Prentice Hall: Upper Saddle River.

## *Примедби*

[1] Овој назив е различен од називот *операциски* истражувања кои се однесуваат на примената на кибернетичките модели во учењето и зголемување на неговата ефикасност

[2] Интересни статии од повеќе автори за разликите и методолошките специфичности на одделните видови истражувања може да се прочитаат во книгата *Description and Explanation in Educational and Social research* (eds. Kožuh, B. et al. 2006).